2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и насоки при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (2004-2022).

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15 1081/2020 од 28.07.2020 година). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y12320 се составен дел на Решението и содржат општи и други одредби и податоци потребни за планските решенија, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.
Прилог на оваа точка се Условите за планирање на просторот (тех. бр. Y12320) и Решение за Услови за планирање на просторот (УП1-15 1081/2020 од 28.07.2020)**.**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1081/2020
28 -07- 2020
Дата: .....

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Македонска Каменица ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица.** Површината на планскиот опфат изнесува 61,35 ha.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y12320** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Македонска Каменица, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 29455, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица.

Согласно член 25, став 7 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1081/2020 од 27.07.2020 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка **Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

М И Н И С Т Е Р
Naser Nuredini

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Shkup
Ministria e Mjedisit Jetesor dhe Planifikimit Hapesinor
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Рецепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО САСА, КО САСА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y12320

Скопје, јули 2020

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО САСА, КО САСА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Македонска Каменица

Тех.бр. Y12320

Раководител на задачата:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и.

Координатор:
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот

в.д. Директор
Огнен Апостолски, д.и.а.

Скопје, јули 2020

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО САСА, КО САСА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица.**

Вкупната површина во границите на планските опфати (плански опфат 1 (28,74 ha), плански опфат 2 (7,60 ha), плански опфат 3 (17,86 ha), плански опфат 4 (6,26 ha), плански опфат 5 (0,89 ha) согласно Предлог Планската програма изнесува 61,35 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Македонска Каменица, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Низ опфатот поминува траса на доводен цевковод за МХЕ со реф.бр. “339”, за којшто се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y13210.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори,

како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Република Северна Македонија.


Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите.

Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0,5 1 2 Km

1:25.000

Општинска граница

Катастарска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Клима:

Климата во ова подрачје е континентална со модифициран плувиометриски режим.

Мерната станица е лоцирана на надморска височина од 630m со координати од X= 41^{0}58' и Y= 22^{0}46'. За статистичка обработка е земен период со низ на податоци од јануари-декември 1954 до 2013 год.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 10,3^{0}C. Просечен годишен минимум од 9,5^{0}C и просечен годишен максимум од 11,6^{0}C. Најтопол месец е јули, а најстуден јануари. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007год. од **40,5**^{0}C, апсолутен минимум на температурата на воздухот е забележан на 19-02-1985 година од **-28,5**^{0}C, апсолутно годишно колебање од 69,0^{0}C. Просечната зимска температура изнесува 0,7^{0}C, пролеттната температура изнесува 9,9^{0}C, летната просечна температура изнесува 19,8^{0}C и просечна средна есенска температура изнесува 10,6^{0}C. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 24.04, апсолутен последен пролетен мраз бил на 08.06.1962год. Просечен прв есенски мраз е на 13.10, а апсолутно последен есенски мраз бил на 07.09.1976 год. Мразниот период просечно трае 193 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 563,9mm и тоа најмногу во мај со 63,2 mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 29-06-1957година од 105,0 mm или l/m^2. Зимскиот период паѓаат просечно 39,0mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 116,9mm, пролетниот период просечно паѓаат 49,5mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 148,6mm, летниот период просечно паѓаат 49,7mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 149,1mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 50,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 150,8mm. Годишен просек на влажноста изнесува 75%. Број на денови со снег годишно има 22, денови со град има 25, годишен број на денови со магла е 19, просечната снежна покривка изнесува 7,8sm. Просечен број на ведри денови е 107, просечен број на облачни денови е 177 дена и просечен број на тмурни денови е 82.

Во Делчевската котлина најчест ветар е од северниот правец со честина од 148‰ брзина од 2,6m/s и јачина од 8 бофори која јачина е иста за сите правци. Втор по честина е јужниот ветар со честина од 112‰ и брзина од 2,4m/s. Тишината е со честина од 360‰.

Податоците се од мерна станица Делчево.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на

економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Македонска Каменица со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа селото за кое се наменети Условите за планирање е "Јужната развојна оска" која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се

предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Република Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на теренитe каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на теренитe каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренитe каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Република Македонија се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на Република Македонија, во Регионот на Делчево се планира пошумување во шума и вон шума на околу 5.200 ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во планскиот период во Делчевскиот регион вкупната површина под шуми ќе изнесува 32.860 ha, дрвната маса се проценува на износ од околу 2.100.000 m^3 и вкупен годишен прираст од 75.000 m^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството, дефинирани со Просторниот план на Република Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;

- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и теренитe во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство - водата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење.

Со цел точно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода во Републиката согласно Просторниот план на Република Македонија во трите основни сливови на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог”, „Скопје”, „Треска”, „Пчиња”, „Среден Вардар”, „Горна Брегалница”, „Средна и Долна Брегалница”, „Пелагонија”, „Средна и Долна Црна”, „Долен Вардар”, „Дојран”, „Струмичко - Радовишко”, „Преспа”, „Охридско - Струшко” и „Дебар”.

Селото Саса, Општина Македонска Каменица, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Горна Брегалница” кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од нејзиниот извор до браната на акумулацијата Калиманци.

Расположивите водни количини изразени преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување кое кај мерниот профил “Берово“ изнесува 11,8 л/сек/км^2, покажува дека горниот слив на реката Брегалница е богат со вода. За искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ова ВП изградена е акумулацијата Беровско Езеро со намена за наводнување, водоснабдување и заштита од поплави.

Во наредниот период за целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ова водостопанско подрачје се предвидува изградба и на акумулација Разловци со вкупен волумен од 52x10^{6}м^3 на реката Брегалница чии води ќе бидат наменети за производство на енергија, наводнување на обработливото земјиште, заштита од поплави и задршка на наноси.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во управувањето со водите е континуирано обезбедување на квалитетна вода за населението. Селото Саса е од разбиен тип, поделен на маала и секое маало се водоснабдува од локални извори. При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото, потребно е:

- Дефинирање на заштитни зони и режим на заштита на изворниците за водоснабдување;
- Дел од селото се наоѓа во втората заштитна зона на изворишето - Горештичка Река од каде се водоснабдува градот Македонска Каменица. Потребно е при изработката на планската документација и нејзината реализација да се почитува режимот на заштита во зоната.
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на селото;
- Рационално користење на водата преку примена на модерни технички решенија во водоснабдителниот систем.

Еден од основните цели во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е да се почитува принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на селото;

Во границата на планскиот опфат на селото минуваат Каменичка Река и нејзини притоки за кои при изработката на планската документација треба да се предвиди регулација и да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на

нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Планскиот опфат за село **Саса, Општина Македонска Каменица** нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојната 110kV трансформаторска станица во Македонска Каменица со припадните преносни водови се на 6,1km јужно од селото Моштица.

***Гасовод* - Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-9 Вршаково-Кочани-Разловци со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод кон Разловци ќе минува далеку на југ од селото Саса.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува

дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималзација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во Општина Македонска Каменица на која што припаѓа селото Саса во регистрирани се вкупно 8110 жители, додека само во селото Саса живеат вкупно 876 жители.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Процесот на урбанизација како еден од доминантните процеси на вкупниот општествено-економскиот развој, претставува непосреден влијателен фактор и основна рамка во која се одвива развојот на населените места. Во повратен смисол, основните параметри на урбанизацијата го детерминираат и нивото на вкупниот општествотвен развој. Под поимот урбанизација во условите во кои живееме, се подразбира, во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политичките функции и во изградбата и уредувањето на нивните просторно-физички структури. Во поширока смисла, урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото и нивна постепена интеграција во агломерациски системи.

Фактори кој непосредно влијат на развој на урбанизација се:

- економските фактори, во прв ред нивото на економската развиеност;
- основните атрибути на развојот на урбанизацијата во претходниот период;
- карактерот и интензитетот на промените во урбаните и руралните населби (особено во сферата на демографскиот развој);
- структурата на населените места;
- функционалната дисперзија и екипираност; дисперзијата и концентрацијата на терцијарниот сектор и
- работните функции.

Основна определба за развојот на селските подрачја претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Концептот на развојот и уредувањето на **селските подрачја** за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;

- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и рационално користење на севкупната површина во границите на атарот и
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населби.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна; односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава просторниот план, треба да се почитува:

- Избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- Создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
  - бесправната градба;
  - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
  - заштита на создаденото и природното богатство;
  - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја базиран на на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Домување

Во Просторниот план на Република Македонија, функцијата **домување** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое домаќинство;
- подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичност во градбата;
- замена на субстандардниот станбен фонд;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба.

Основна определба во политиката на станбената изградба во **село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица,** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Порастот на животниот стандард, подобрување на здравствениот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на

комуналната опременост на станот. Структурата и физичкиот модел на станбената единица мора да биде во корелација со општествената организација на луѓето кои живеат во станбената единица.

Пропишаните стандарди за потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ се:

- 20 - 25 m^2/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), како и 100 % опременост на станот со инсталации;
- потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

Просторната дистрибуција и функционалната организација на **јавните функции** (образование, здравство, социјални грижи, култура и физичка култура) е директна последица на разместеноста, големината и степенот на развој на населбите, односно агломерациониот систем од една страна, а од друга индикатор на нивото на развиеност и животниот стандард на населението.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Предучилишно образование:

- развој на мрежата институции за предучилишно воспитување и образование детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.), за поуспешно подготвување на децата за училиште;
- во предучилишни установи треба да бидат опфатени 70 % од децата на предучилишна возраст.

Основно образование:

- организирање на основни училишта во секое населено место или во најблиската населба, со целосна опфатеност на децата од 6 - 15 години;
- изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
- доколку нема основно училиште во населеното место или во непосредна околина, да се со организира превоз со училишни автобуси.

Здравство:

- порамномерен развој на здравствената служба и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровска екипираност на здравствените служби, за задоволување на потребите на населението.

Социјална заштита:

- порамномерен развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитување на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;
- заштита на здравјето на старите лица со организирање на специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

Култура:

- барање поголеми можности и повисоки форми на културно живеење, во склад со очекуваниот развој и социо-економските трансформации во услови на пазарно стопанисување.

Физичка култура:

- обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност;
- реновирање, адаптација и доопремување со придружни содржини на постојните објекти за спорт и рекреација.

Во рамките на планирана мрежа на јавни служби покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

- сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.);
- задржување на традиционалните функционални специфичности на населбите во однос на одделни јавни дејности;
- утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Организацијата на **јавните функции при изработка на Урбанистичкиот план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица,** треба да поаѓа од постојната мрежа на **јавни функции** со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Препораките по дејности се следни:

Образование:

- основно образование (деветолетка) е задолжително за сите населби и доколку неможе да се организира во предметната населба да се организира во населбата од непосредна близина.

Здравствена заштита:

- здравствена станица или мобилна здравствена служба, аптека.

Култура:

- библиотека;
- дом на културата, сценско -уметничка дејност - доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината (во јавен или приватен сектор).

Физичка култура:

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
- покриени објекти за физичка култура во основното образование со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во **село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица** се:

Образование:

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во Општина Македонска Каменица. Како геолошки формации со тој регион развиени се прекамбрисјки метаморфни стени, старопалеозојски стени и магматити, младопалеозојски стени, мезозојски седименти, терциерни и квартерни вулкански карпи и магматити.

Прекрамбрисјките метаморгни карпи се најастарите карпи кои ја сочинуваат подлогата на овој терен и истите се издвоени врз база на литолошките особини и слички карпи кои се застапени во Српско – Македонскиот масив. Овој комплекс е изграден од:

- Гнајсеви и нивнивариети од најразличен тип, состав и широчина. Се карактеризираат со висока метаморфност и показуваат преод кон други метаморфни стени.
- Микашисти кои по боја најчесто се жолтеникави, жолто кафеави со изразито шкрилава текстура, а нивниот минерален состав претставен со кварц, лискуни, гранит и албит, како главни додека оритот е најчеста споредна компонента.
- Амфиболски карпи и метабазити најчесто се јавуваат во ганјсевите и микашистите како конкордантни тела и лесно се разликуваат по исклучително зелената боја и зрнестата структура. Најчест минерал во овие карпи е актинолито кој ги исполнува меќупросторите на плагиокласите.
- Рифеј – камбриски метаморфни карпи претставуваат вулканогено – седиментана среија метаморфосирана до степен на фазија на зелени шкрилци. Серијата лежи конконрдантно врз прекамбиските карпи или е во тектоснки односи со нив. Во зависност од минералниот состав во ова серија може да се издвојат: албир – епидот – хлоритски и албит хлоритски шкрилци, албит хлорит биотитски шкрилци, албит кварц мусковитски шкрилци, кварцит, амфиболски карпи и метабазит. За нив карактеристична е зелената боја и оваа серија е позната под името серија на зелени шкрилци за кои е карактеристична шкрилава текстура и лепидобластична до порфиробластична структура.

Палеозојски карпи на ова подрачје се претставени со серија на метаморфни карпи и тоа: кварц и хлорит, а во поширокаата околина се јавува и комплект на гранитоиди.

Мезозојски карпи се многу ретки во ова подрајче, а на некои места се откриени Тријаски седименти кои се појавуваат на текстонски клипи со мали размери, претставени со песокливи глини. Песочници и конгломерати.

Кенозојските карпи се преставени со терциерно – квартерни карпи кои со свои седименти се откриени во Делчвеско – Пехчевскиот ров, каде трансгресивно лежат врз постари литолошки членови.

Географска и геопрометна положба

Планскиот опфат на УПС Саса се наоѓа во Општина Македонска Каменица, која се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија, во подножјето на Осоговскиот Масив. На исток граничи со Општина Делчево, на југ со Општина Виница, на запад со Општина Кочани. А на север со Општина Крива Паланка и државната граница со Република Бугарија.

Општина Македонска Каменица има добра географска положба – низ неа поминува патото што ги поврзува источните со централните делови на државата. Тука поминува и трансверзална парна линија што се одвојува кај Велес и преку Штип, Кочани и Македонска Каменица продолжува кој Делчево и преминот кај Македонско – Бугарската граница.

Село Саса е оддалечено околу 8 км од градот Македонска Каменица.

Согласно Условите за планирање на просторот, за предметниот простор релевантна автопатска и магистрална патна мрежа е:

- М-5 кој врз основа на Олуката за кагегоризација на државните патишта овој магистрален правец се преименува со ознаката А3 .

Релевентен регионален патен правез за предметната локација согласно Просторниот план и Условите за планирање на Просторот е регионалниот пат Р1210 (Врска со А2 – Тораница – Саса – Македонска Каменица – Врска со А3)

Релјефни карактеристики

Село Саса се наоѓа во Осоговија, во северниот дел на Општина Македонска Каменица и припаѓа во групата села од разбиен тип, а неговите маала се издигаат со надморска височина од 700 до 1.340 м. Маалата во селото се познати како: Мачкарска Маала, Черовци, Протоѓерци, Шебовска Маала, Додевци, Требешка Маала, Деровци, Портарци, Аџиска Маала, Капетанска Маала, Литовци, Рамни Дол, Букоровенци, Ризанци, Трканица, Гујновци, Сарафатска Маала, Саратска Маала, Возарци, Борчето и Тораница.

Сеизмолошки карактеристики

Сеизмичките појави – земјотресите се доминантни природни непогоди во нашата држава, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата, Земјотресите со умерени магнитуди, можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти , особено во руралните средини не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања.

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Хидрометеоролошки, климатски и микроклиматски услови

Клима: Во овој предел владее Клима: Во овој предел владее континентална клима со модифициран плувиометриски режим.
Просечната годишна температура на воздухот изнесува 10.3°C. Просечен годишен минимум е 9.5°Си просечен годишен максимум од 11.6°C. Најтопол месец е јули, а најстуден месец е јануари.
Просечната зимска температура изнесува 0.7°C, пролетната 9.9°C, летната просечна температура изнесува 19.8°C и просечната есенска температува изнесува 10.6°C. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните.

Врнежи: Просечната годишна сума на врнешите изнесува 563,9мм и тоа најмногу во месец мај со 63.2 м, додека апсолутниот минумум на врнешите е забележан во 1957 година од 105мм .

Зимскиот период паѓаат просечно 39.0мм по месец или вкупно зимскиот период просечно 116.9мм, пролетниот период просечно паѓаат 49.5 мм
Годишен просек на влажноста изнесува 75%.
Број на денови со снег годишно има 22 денови, а денови со град има 25. Годишен број на денови со магла е 19, просечна снежна покривка изнесува 7.8цм.

Просечен број на ведри денови е 107, просечен број на облачни денови е 177, а посечен број на тмурни денови е 82.

Ветрови: Во Делчевската отлина најчест ветер доаѓа од северен правец со честина од 148‰, брзина од 2.6м/с и јачина од 8 бофорија која јачина еиста за сите правци. Втор по четина е јужен ветар со честина од 112‰ и брзина од 2.4м/с.
Податоците се од мерната станица во Делчево.

Хидрографски и хидролошки податоци

Со цел да се согледат расположливите водни ресурси согласно Просторниот план, териротијата на РСМ со трите основни сливови на река Варда, Струмица и Црн Дрим е поделена на 15 водостопански подрачја.

Селото Саса, Општина Македонска Каменица се наоѓа во водостопанско подрачје на ВП Горна Брегалница кое го опфаќа сливот на река Брегалница од нејзиниот извот до браната акумулација Калиманци.
Селото Саса се наоѓа во сливот на акумулацијата Калиманци чија намена е да обезбеди вода за наводнување на обработливи површини, да обезбеди биолошки минимум на реката, а потоа да обезбеди заштита од поплави и задржување на наноси.

Селото Саса е од разбиен тип, поделен на маала и секое маало се водоснабдува од локални извори. Дел од селото се наоѓа во втората заштитна зона на изворишето – Горештичка Река од каде се водоснабдува градот Македонска Каменица.

Во граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Саса поминува нерегулирано корито на Каменичка река и катастарски парцели со култура река (суводолици).

Природни ресурси

Пределите околу село Саса припаѓаат на групата шумска вегетација која претежно се состои од дабот плоскаш и субмонтани букови шуми.

Дабовиот регион се протега во низините и брдските предели, во висина од 1.100мвн. Во овој регион климазонални заедници се дабови шуми, на места помешани со ортографско-едфско и дихролошки условени шумски заедници со врби, тополи, костен евла и други.
Од вертебратната фауна типични жители во овој регион се понтомедитеранските и сириските арбореални елементи како што се: црновидна змија, мачја змија, балкански смок, балканска луковска жаба, зелен клукајдрвец, еж, елен лопатар, невестулка и други.
Буковскиот регион се надоврзува на дабовиот, опфаќајки ги планинските предели. Во подгорскиот буков појас се развиваат рефугијални типови на буковски жуми како и борови шумски заедници, додека во горниот појас се застапени различни типови на букови и буково –елови шуми а на секундарните станишта се присутни шумии од бел бор, јасика и бреза.
Карактеристични жители од фауна во овој регион се: шареиот дождовник, слепокот, ескулаповиот смок, срна, елен, куна златка, дива мачка.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица , нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

6.1. Инвентаризација на изграденият градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура со одредена намена, состојба, структура, како и на градбите што се во фаза на градење

Село Саса кое е предмет на разработка на овој урбанистички план за село припаѓа на Општина Македонска Каменица и се наоѓа на околу 8 км од градот Македонска Каменица.

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.

При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики како и начинот на користење на земјиштето.

Добиените податоци од извршените детални истражувања на просторот се прикажани табеларно како и на графички прилози.

Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

Просторот е анализиран во еден дел чии граници се совпаѓаат со границите на планскиот опфат.

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека повеќе од половина од планскиот опфат претставува неизградено земјиште (57.47%).

Во однос на изграденото земјиште, најголем дел е површина ангажирана од објекти за домување (станбени куќи) во состав на селско-стопански двор (31.83%).

Станбените објекти егзистираат во селски стопански дворови во чиј состав функционираат придружни објекти за одржување на дејностите во рамки на домаќинствата, а служат за одгледување на домашни животни и складирање на храна и земјоделски производи.

Во рамки на планскиот опфат на село Саса инвентаризиран е објект за комерцијлни и деловни дејности – кафеана.

Во северниот дел на селото изграден е еден верски објекти – црква и еден објект кој е месна заедница која зафаќа 0.08% од вкупната површина на планскиот опфат.

Во централниот дел од селото евидентирано е објект основно училиште кое заедно со просторот околу него зафаќа околу 0.24 ха односно 2.375 м^{2,} или 0.39% од планскиот опфат.

Во западниот и јужниот дел од планскиот опфат евидентирани се индустриски објекти - сервис за одржување на моторни возила со вкупна повшина од 0.10 ха или 0.17% од планскиот опфат.

Низ планскиот опфат на УПС Саса минува нерегулирано корито на Каменичка река и катастарски парцели култура река (суводолици, непостојани водотеци)

Останата намена која е евидентирана во рамки на планскиот опфат е сообраќајна патна инфраструктура – асфалтирани коловози и земјени пристапи.

Во графичкиот дел од Документационата основа, начинот на употреба на објектите е обележан со следните класи на намени, односно поединечните намени на градбите:

- А1.5 – станбени куќи во состав на селски стопански двор;
- Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана
- В1.1 – основно образование: основно училиште;
- В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница
- В5.1 - верски институции: црква;
- Г3.1 – сервиси за одржување на моторни возила
- Д4.3 - озеленети простори за гробишта, гробишта
- Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура;
- Е1.4 – хидротехничка инфраструктура Каменичка река и непостојани водотеци
- Н3 – неизградено земјиште

На ниво на плански опфат, процентот на изграденост изнесува 1,81%, додека коефициентот на искористеност (к) изнесува 0,04.

Демографски податоци

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во РМ од 2002год во село Саса се евидентирани вкупно 876 жители од кои 49 се деца до 4 години (7% од вкупниот број на жители), а 23 се деца на возраст од 5 до 14 години (25% од вкупниот број на жители).

Прирастот на населението за период од 16 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Во опфатот на с.Саса инвентаризирани се околу 168 објекти за домување.

6.2. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура

Сообраќај

Низ југозападниот дел на планскиот опфат магистралниот пат А3 кој го поврзува село Саса со градот Македонска Каменицана север и со село Тодоровци на југ.

До поголем број од објектите, се стигнува преку асфалтиран пристап без тротоари, но постојат и земјени пристапи.

Хидротехничка инфраструктура

За постојната хидротехничка инфраструктура, од надлежната институција не се добиени податоци за постојната мрежа:

Електроенергетска инфраструктура

Според податоците од ЕВН Македонија АД Скопје во рамки на планскиот опфат има постоечки електро-енергетски мрежи и објекти, односно
- нисконапонска надземна мрежа и приклучоци
- 10(20)kV надземна мрежа;
- трафостаници (3)

Според податоците од МЕПСО во рамки на планскиот опфат нема мрежа и објекти во нивна надлежност.

Постојната елекотренергетска мрежа и објекти е прикажана на графичкиот дел од Документационата основа.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од АЕК, Македонски Телеком АД – Скопје и во границата на планскиот опфат има постојни телекомуникациски инсталации кои ги опслужуваат сите активни корисници на просторот:
- бакарни кабли;

Согласно податоците добиени од А1 Македонија во рамки на планскиот опфат нема постојни надземни и подземни инсталации во нивна надлежност.

Трасите се презентирани на графичкиот дел од Документационата основа и соодветно означени во легенда.

Гасоводна мрежа и објекти

Според податоците добиени надлежните субјети низ планскиот опфат на УПС Саса не поминуваат изведени или планирани траси на гасовод и гасоводни објекти.

6.3. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат

Неуредено зеленило во планскиот опфат може да се примети единствено на катастарските парцели култура река – каде станува збор за непостојани водотеци, каде расте зеленило во периодите кога нема вода.

6.4. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби прогласени за културно наследство, културни предели и заштитени природни предели, природни блага, добра и други заштитени ентитети

Согласно податоците од Министерството за култура на РСМ - Управа за заштита на културното наследство (бр.17-686/2 од 22.04.2021), во рамките на планскиот опфат постојат заштитени добра и добр за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и тоа археолошки локалитети „Ѓеровица", „Конарник", „Мадем", и „Манастириште " и дадена е насока да се контактира НУ Национален конзерваторски центар Скопје.

Од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје, доставено е Извештај за извршен стручен увид за изработка на Урбанистички план Саса (08-257/3 од 21.09.2021 година) според кој археолошките локалитети „Конарник", „Мадем", и „Манастириште " не се во подрачјето на планскиот опфат ниту во негова непосредна близина.

Од горенаведените археолошки локалитете само локалитетот „Ѓеровица" со матичен број 4-809-023/85 Е Нд, идентификуван како населба од доцноримски период истиот е во граници на опфатот за изработка на УПС Саса и се наоѓа на КП 6264,КП 6265, КП 6266 со надморска видина од 828м.

Во Извештајот дадена е напомена ако во тек на реализација на УПС Саса, Општина Македонска Каменица се дојде до археолошко наоѓалиште, изведувачот е должен да ја извести надлежната институција.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Подрачјето кое е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно бил предмет на истражување и планирање со Општ акт за село Саса, Општина Македонска Каменица.

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и насоки при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (УП1-15 1081/2020 од 28.07.2020). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. (Y12320) се составен дел на Решението и содржат општи и други одредби и податоци потребни за планските решенија, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

8. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПРОСТОРОТ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

Рамномерен просторен развој
Рационално искористување на градежното земјиште
• Поставување на сообраќајна инфраструктура – улична мрежа, решавање на пристапи до градежните парцели и објектите, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на градежни парцели со површина за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот од аспект на намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и доизградба на канализациона фекална инфраструктура и на атмосферска канализациона инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електронска комуникациска инфра-структура;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на дел од постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост на градежниот фонд и пристапите кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се засонова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-

80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за село Саса, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавнии функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на селото претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Бр. 34319

Датум: 07.07.2022

До
Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола
Бул. Свети Кирил и Методиј бр. 36-2/7, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички план за село Саса, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171 e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

ДО "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ
Ул. „Борис Кидрич" бр. 12/16 - Битола

Бр. _____
Дата:_____ , Скопје

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности
Трифун Хаџи Јанев бр.2
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

0939-10309/4
5.8.2022

ПРЕДМЕТ: Мислење од утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам за УПС: **34319**
Ваш бр. 0302-10/07 од 27.07.2022 год.
Наш бр. 0939-10309/3 од 01.08.2022 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, инициравте постапка за мислење за утврдена состојба за Работна верзија на план Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица, плански период: 2021-2031г., изработен од "*ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ*" ДООЕЛ од Битола, со тех.бр. 0801-05-06/22 од 07/2022 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба за опфат
Извештај од утврдена состојба за блок

Со почит,

Изработил: м-р Александра Крастовски, раководител на одделение
Контролирал/Одобрил: м-р Стојче Галазовски, раководител на сектор

Директор

м-р Борис Тунџев

Место за Дигитални потписи
Изработил Контролирал Одобрил Согласен Директор

Бр/Nr. 10-6591/2

Скопје/Shkup 19 -07- 2022 година/viti

ДО Иванов Инженеринг
ул.Борис Кидрич бр. 12/16
7000 Битола

Предмет:Мислење по работна верзија

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-10/06 од 29.06.2022 год. за добивање мислење по работна верзија за план УПС Саса, општина Македонска Каменица, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-6591/1 од 05.07.2022 година:

- Работна верзија на УПС Саса.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека по однос на УПС Саса, општина Македонска Каменица, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**. Имено запазена е ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р1210 (Р-208) согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15 и бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и бр.174/21), а влезовите во планскиот опфат се постоечки.

Со почит,

Директор
Ejup Rakllemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр. 0308-1423/2
15 -07- 2022 20__ год.
СКОПЈЕ

ИВАНОВ Инженеринг - Битола

Предмет: Мислење

Врска: Ваш допис бр. 0302-10/06 од 29.06.2022 год.

Во врска со Вашето барање мислење на работна верзија на план УПС Саса, Општина Македонска каменица, Ве известуваме дека даваме позитивно мислење на работната верзија на предметниот УПС.

Со почит,

Скопје, 15.07.2022 год,

ГА-МА АД Скопје

Одделение за Е-одобрение за градба

и Е-урбанизам

Раководител:

Галабинка Христовска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ

ГА-МА АД Скопје

Одделение за геодетски работи

и согласности

Раководител:

Сашко Петрески

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/2-383 од 06.07.2022
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев
Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-10/06 од 29.06.2022 година, со кој барате да дадеме мислење за Работна верзија на план УПС Саса, Општина Македонска Каменица, Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение за заштита и спасување-Делчево

Архивски број 09-50/2
04.07.2022 година

До
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Битола

Предмет:Мислење,доставува,
Врска: Ваш акт бр.0302-10/06 од 29.06.2022 година.

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РСМ бр.36/04,49/04,86/08,124/10,18/11,41/14,129/15, 106/16 и 83/18 и 215/21),Дирекцијата за заштита и спасување Подрачното одделение за заштита и спасување Делчево ,го издава следното

М И С Л Е Њ Е

за застапеност на мерките за заштита и спасување за работна верзија на план УПС Саса,општина Македонска Каменица,нарачател Општина М.Каменица,изработка Иванов Инженеринг Битола,тех.број 0801-05-06/22 од Јуни 2022 година.

Образложение

Во претходна постапка Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Делчево има доставено податоци и информации за изработка на УПС Саса,општина М.Каменица, со акт бр.09-11/2 од 03.03.2021 година.

Иванов Инженеринг,поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број 0302-10/06 од 29.06.2022 година до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Делчево,за мислење по работна верзија на план УПС Саса,општина М.Каменица.

Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Делчево од извршениот увид во работна верзија на план УПС Саса општина М.Каменица, констатира дека мерките за заштита и спасување се соодветно разработени и вградени , за што дава **позитивно мислење.**

Врз основа на наведеното,а во согласност со член 53 и 54 од Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РСМ бр.36/04,49/04,86/08,124/10,18/11,41/14,129/15, 106/16 , 83/18 и 215/21).се реши како во диспозитивот.

Подготвил:Велковска Сузанка

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА
И СПАСУВАЊЕ ДЕЛЧЕВО
Овластено лице
Сузанка Велковска

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Делчево
Ул.„Бул.Македонија" бб 2320 Делчево
Република Северна Македонија
Тел.033 411 428
e-mail: Delcevo@dzs.gov.mk

Наш број: 1404-2060/2
Скопје: 14.07.2022 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул.„Борис Кидрич“ бр. 12/16
7000 Битола

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : 0302-10/06 преку е-урбанизам

Во врска со вашето барање за мислење, а во врска со изработка и одобрување на Работна верзија на план УПС Саса, Општина Македонска Каменица, ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот УПС.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 05.07.2022г.
Раководител на сектор:Борис Арсов
Советник на директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола**

Предмет: **Мислење**

Врска: Ваш бр. 0302-10/06 од 29.06.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 34319*)*

бр. 12-8/676

Скопје, 01.07.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО САСА

изработен од ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола со тех.бр. 0801-05-06 22 од Јуни 2022 г.,

при што констатирано е дека забелешките дадени од наша страна со допис бр. 12-8/111 од 03.03.2021 година, а кои се однесуваат на безбедноста на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената планска документација.

Врз основа на горе наведеното издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на *член 68 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година)

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3та Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm@hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: Иванов Инженеринг
Ул. Св Кирил и Методиј (М.Х. Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ САШКО ИВАНОВ ДООЕЛ ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
1 БР. 0504-13/21
14.04. 2021 год.
БИТОЛА

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0302-41/03 од 24.03.2021, наш бр.750 од 25.03.2021

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11-750/3
08-04 2021 год.
СКОПЈЕ

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со вашето барање Ваш бр. 0302-41/03 наш бр.750 за издавање на податоци и информации за изработка на документација за планската документација за Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје во границите на предметниот проектен опфат за изработка на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица е опфатена Каменичка река со која стопанисува.

Напомена: При изработка на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица, да се земаат во предвид сите карактеристики кои се внесени во КП 6905/39 КО Саса, општина Македонска Каменица, и да се третираат согласно Законот за водите.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малзарков

АД Водостопанство на РМ – Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 08-1041/1
22.05.2023 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 131 став 2 од Законот за за водите ("Службен весник на Република Македонија " бр.87/08,06/09,161/09,83/10, 51/11, 44/12,23/13163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), и член 36 Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија " бр.05/2002), Советот на Општина Македонска Каменица на 22та седница одржана на ден 22.05.2023 година, донесе :

ОДЛУКА

За определување на ширина на крајбрежен појас на водотеци во опфат на УПС село Саса за донесување на Урбанистички план за село Саса.

Член 1

Со ова одлука се определува ширина на крајбрежен појас на водотеци во опфат на УПС село Саса за донесување на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица изработен од Иванов Инженеринг Битола, заради заштита и одржување на природното корито.

Член 2 .

Каменичка река ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоаголен профил,

со ширина 6м, висина 2.3м и заштитен појас од 3м лево/десно, од стационажа 0+000 до стационажа 0+1747.

- Координати на почетна точка T1 y=7627860.64, x=4662615.66
- Координати на крајна точка T2 y=7628334.73, x=4661058.31

и во регулирано корито со бетонски правоаголен профил, со ширина 7м, висина 2.3м и заштитен појас од 3м лево/десно, од стационажа 0+000 до стационажа 0+1321.

- Координати на почетна точка T2 y=7628334.73, x=4661040.81
- Координати на крајна точка T13 y=7628334.73, x=4661058.31

Водотек 2 ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоаголен профил, со ширина од 1,4м, висина 1,6м и заштитен појас од 3м лево/десно од стационажа 0+000 до 0+733

- Координати на почетна точка T3 y=7627936.82, x=4662234.04
- Координати на крајна точка T4 y=7628427.48, x=4662705.04

Водотек 3 ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоаголен профил, со ширина од 1,4м, висина 1,6м и заштитен појас од 3м лево/десно од стационажа 0+000 до 0+727

- Координати на почетна точка T11 y= 7628711.51, x= 4661472.77
- Координати на крајна точка T12 y= 7629173.92, x= 4661918.21

одотек 4 ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоаголен профил, со ширина од 2,2 м, висина 2м и заштитен појас од 3м лево/десно од стационажа 0+000 до 0+1054

- Координати на почетна точка T5 y=7628398.93, x=4660354.33
- Координати на крајна точка T6 y=7627461.09, x=4660769.06

Водотек 5 ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоагоелен профил, со ширина од 0,5м, висина 0,5м и заштитен појас од 3м лево/десно од стационажа 0+000 до 0+825

- Координати на почетна точка T7 y=7628531.03, x=4659971.79
- Координати на крајна точка T8 y=7629193.26, x=4660125.49

Водотек 6 ќе се третира во регулирано корито со бетонски правоагоелен профил, со ширина од 0,5м, висина 0,5м и заштитен појас од 3м лево/десно од стационажа 0+000 до 0+606

- Координати на почетна точка T9 y= 7628797.85, x= 4659669.22
- Координати на крајна точка T10 y= 7629229.51, x= 4660044.25


Член 3

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки за донесување на урбанистички планови.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица".

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 1

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА м²		ха	УДЕЛ %	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	261941		26.19	91.14%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	417	1615	0.16	0.15%	0.56%
	В5.1 - верски институции: црква	1197			0.42%	
Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	1274		0.13	0.44%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	19943	22585	2.26	6.94%	7.86%
	Е1.4 - речни и канален регулации	2642			0.92%	
	ВКУПНО	287415		28.74	100%	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 2

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА м²	ха	УДЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	74022	7.40	97.31%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	1802	0.02	2.37%
	ВКУПНО	76072	7.45	100%

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 3

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА м²		ха	УДЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	144436		14.44	80.85%	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	478		0.05	0.27%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно образование: основно училиште	2743		0.27	1.54%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д4.3 - гробишта	18800	21446	1.88	10.52%	12.00%
	Д2 - заштитно зеленило	2646		0.26	1.48%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	7867	9544	0.95	4.40%	5.34%
	Е1.4 - речни и канален регулации	1677			0.94%	
	ВКУПНО	178647		17.86	100%	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 4

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА м²		ха	УДЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	57378		5.74	91.63%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д2 - заштитно зеленило	179		0.02	0.29%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	2846	5060	0.51	4.54%	8.08%
	Е1.4 - речни и канален регулации	2215			3.54%	
	ВКУПНО	62617		6.26	100%	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 5

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА м²	ха	УДЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	8516	0.85	95.29%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	421	0.04	4.71%
	ВКУПНО	8937	0.89	100%

УПС САСА

	ПОВРШИНА ха
БЛОК 1	28.74
БЛОК 2	7.61
БЛОК 3	17.86
БЛОК 4	6.26
БЛОК 5	0.89
ВКУПНО	**61.35**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

	просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона (%)	површина на зеленило во наменската зона (м²)		површина на зеленило по глава на жител (м²/ж)	
А - домување и престој			109259		#REF!
А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	20%	109259		232.47	
Б - комерцијални и деловни намени			96		#REF!
Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	20%	96		0.20	
В - јавни институции			872		1.85
В1.1 - основно образование: основно училиште	20%	549		1.17	
В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	20%	83		0.18	
В5.1 - верски институции: црква	20%	239		0.51	
Г - рударство, прозводство и индустрија			255		
Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	20%	255		0.54	
Д - зеленило, рекреација и меморијални простори			6585		14.01
Д4.3 - гробишта	20%	3760		8.00	
Д2 - заштитно зеленило *	100%	2825		6.01	
* ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО		2825		6.01	
ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО		110480		235.06	
ВКУПНО		113305		241.08	

ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД	470

координати на гранички точки на водотек

точка	Y	X
1	7627860.64	4662615.66
2	7628334.73	4661040.81
3	7627936.82	4662234.04
4	7628427.48	4662705.04
5	7628398.93	4660354.33
6	7627461.09	4660769.06
7	7628531.03	4659971.79
8	7629193.26	4660125.49
9	7628797.85	4659669.22
10	7629229.51	4660044.25
11	7628711.51	4661472.77
12	7629173.92	4661918.21
13	7628334.73	4661058.31

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛОСАСА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА		ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2021 - 2031
РАЗМЕР	1 : 2500	ПОВРШИНА	61.35ха
		ДЕЛОВИ ОД ОПФАТ	1, 2, 3

	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ: УЛИЧНА МРЕЖА
	ГРАНИЦА НА БЛОК		ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ 20М/5М ЛЕВО/ДЕСНО
1	ОЗНАКА НА БЛОК		ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ
РЛ	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА / ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА		РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКА / ОТВОРЕН ВОДОТЕК
А1.5	СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКО СТОПАНСКИ ДВОР	0.30% l=65.88m / 231.42	ПЛАНИРАН ПАД НА УЛИЦА / КОТА НА НИВЕЛАЦИЈА
Б1.5	МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ - КАФЕАНА	3	ГРАНИЧНА ТОЧКА НА ВОДОТЕК ВО ПЛАНСКИ ОПФАТ
В1.1	ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ		ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
В4.8	ЗГРАДИ НА ОРГАНИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - МЕСНА ЗАЕДНИЦА		ВОДОВОД: ПЛАНИРАНА МРЕЖА
В5.1	ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ -ЦРКВА		ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА МРЕЖА
Г3.1	СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА		АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА МРЕЖА
Д4.3	ГРОБИШТА		ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		0.4kV НАДЗЕМНА МРЕЖА
	ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:		10kV НАДЗЕМНА МРЕЖА СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС 10М ЛЕВО/ДЕСНО
	ПОСТОЕЧКА МРЕЖА / ПЛАНИРАНА МРЕЖА		ПОЗИЦИЈА НА ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА

АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ КОЈ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ ЗАШТИТЕН
ГРАНИЦА НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ
ЗАШТИТЕН АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ - "ЃЕРОВИЦА"

РУЖА НА ВЕТРОВИ: N=16%, NE=51%, E=64%, SE=68%, S=114%, SW=67%, W=70%, NW=61%

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА; ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023; УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095; НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094; ДОБРИЦА НАСЕВИЌ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443; ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0622; СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0591; АНДРИЈАН ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0674
ПРИЛОГ	СИНТЕЗЕН ПЛАН
ТЕХ. БРОЈ	0801-05-06/22
ДАТУМ	06.2022
ЛИСТ	6

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0094

Bekim Muaremi 22.03.2023 год.

До:	**ИВАНОВ Инженеринг** **М.Х.Јасмин бр.36-2/7, 1000 Скопје**
Предмет:	Доставување на податоци и информации
Врска:	Ваш бр. 0302-04/03 од 02.03.2021 година *(e-urbanizam, постапка бр. 34319)*

бр. 12-8/111

Скопје, 03.03.2021 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање (сл.Весник бр.32/20), ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички план за село САСА, општина Македонска Каменица

при што утврдија дека планскиот опфат се наоѓа **вон зона** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, со напомена дека за изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- оџаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот
бр.02-248/1 од 12.02.2016 година

Изготвил:

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-831/2
Скопје: 11 .03.2021 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул.„Борис Кидрич“ бр. 12/16
7000 Битола

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 0302-04/03 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на УПС Саса, Општина Македонска Каменица, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма


Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 05.03.2021г
Раководител на сектор:
Д-р Борис Арсов

Советник на директорот:
Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03



Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение за заштита и спасување - Делчево

Архивски број::09-11/2
03.03..2021 год.

ДО Иванов инженеринг
Битола

ПРЕДМЕТ:Податоци и информации ,доставува.-

ВРСКА :Ваш акт по е-урбанизам бр.0302-04/03 од 02.03.2021 година.

Во врска со Вашиот акт под горниот број,а со цел изработка на УПС Саса,општина Македонска Каменица, Ве известуваме дека: Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Дирекцијата за заштита и спасување на предметниот плански опфат, нема планирано свои објекти и инсталации,поради што од наша страна нема пречки во условите за планирање на просторот .

Во комплексот на мерки од превентивен карактер проектантот задолжително треба да ги вгради мерките за заштита и спасување,согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување,при планирање и уредување на просторот и населбите,во проектите и изградба на објектите("Сл.весник на РМ" бр.105/05).

Изработката на Урбанистичка планска документација,во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување,се врши врз основа на Проценатa на загрозеност на РМ од природни непогоди и други несреќи ("Сл.весник на РМ" бр.117/07) и Проценатa на загрозеност на Општина М.Каменица од природни непогоди и други несреќи,на опфатот на кој се врши уредување и планирање на просторот.

Согласно член 50,53 и 54 од Законот за заштита и спасување("Сл.весник на РМ" бр.93/12-пречистен текст), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирање и уредување на просторот и населбите,во проектите и при изградба на објекти и инфраструктура.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од член 61 од Законот за заштита и спасување,а согласно член 50 став 3 од истиот Закон,посебно за секоја со Уредба ги уредува Владата.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Делчево

бул. „Македонија" бб
2320 Делчево
Република Северна Македонија

Тел.033 411 428
e-mail: Delcevo@dzs.gov.mk

Мерки за заштита и спасување се:урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.Во планската документација,согласно Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РМ" бр.93/12 – пречистен текст) треба да се разработат и вградат следните мерки за заштита и спасување:

УРБАНИСТИЧКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ

1.Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и Програмата на единицата на локална самоуправа Берово за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавни засолништа и одржување и користење на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата ("Сл.весник на РМ" број 153/10).

2.Заштита и спасување од поплави

Заштитата од поплави да се обезбеди преку регулирање на блиски водотеци,согласно член 67 од Законот за заштита и спасување.

3.Заштита и спасување од пожари,експлозии и опасни материи

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Селото Саса е од разбиен тип, поделен на маала и секое маало се водоснабдува од локални извори. За квалитетно водоснабдување на селото потребно е дефинирање на заштитни зони и режим на заштита на изворниците за водоснабдување.
- Дел од селото се наоѓа во втората заштитна зона на изворишето - Горештичка Река од каде се водоснабдува градот Македонска Каменица. Потребно е при изработката на планската документација за селото и нејзината реализација да се почитува режимот на заштита во зоната.
- Отпадните води од селото да бидат прифатени во канализациска мрежа и пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

- Во границата на планскиот опфат на селото минуваат Каменичка Река и нејзини притоки за кои при изработката на планската документација треба да се предвиди регулација и да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Планскиот опфат за село **Саса, Општина Македонска Каменица** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За селото потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).
- Изградбата на викенд населби**,** стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица,** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- Стандардите за овозможување на потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции при изработка на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица,** треба да се развива во следните насоки:

- Овозможување достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- Обезбедување на воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагодување на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Индустрија

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**
- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

А3 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид- Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа).

- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

Р1210 - (Врска со А2-Тораница-Саса-Македонска Каменица-врска со А3).

- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Планскиот опфат за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Саса има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат регионално туристичко значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и простори погодни за слободни територии.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Задача на планската документација е изработка на УПС, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на урбанистичкиот план со заклучните согледувања согласно Условите за планирање на просторот;
- Усогласување на урбанистичкиот план вон населено место со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;
- За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:
  - заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
  - заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
  - движење на лица со посебни потреби;
  - урбано зеленило и озеленетост;
  - други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Планскиот концепт на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица се базира на:

- Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
- Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
- Усогласување на планскиот концепт со поставките и насоките дадени во Заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
- Надоградување на создадените вредности;
- Доследна примена на законската регулатива.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со Планската програма за изработка на УПС Саса, Општина Македонска Каменица. Така утврдената граница подразбира опфаќање на подрачје кое во најголем дел претставува неизградено земјиште.

Дистрибуцијата на содржините во планскиот опфат се детерминирани од повеќе зададености на просторот кои условуваат одредени сообраќајни решенија и модуси на поврзување на поединте делови од планскиот опфат. Во голема мера, пристапот на урбанизирање ја почитува морфологијата на теренот низ кој проаѓаат водотеци – Каменичка Река и непостојани водотеци, како и трасата на дел од регионалниот пат Р1210 (Врска со А2-Тораница-Саса-Македонска Каменица-врска со А3) во планскиот опфат.

Постоечкиот начин на користење на земјиштето во рамки на планскиот опфат кој е воден од интиутивни процеси во минатото не отстапува од логичките решенија кои подразбираат ефикасност, оптимални растојанија за сообраќај и поставеност на функциите кои треба да одговорат на потребите на жителите и планскиот концепт тоа го почитува во голема мера.

Во однос на наменските зони, доминантана е класата на намени А1.5 - станбени куќи во селски стопански дворови. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба во рамки на дефинираните граници и во контекст на очекувана атрактивност на селото како место за реализација на потребните на домаќинствата кои се занимаваат со стопанска дејност. Освен домување, во рамки на планскиот опфат се воспоставува и мрежа на јавни функции и дејности, како и уредени површини за зеленило со кои треба да се задоволат базичните потреби на населението.

Течението на Каменичка Река го дели селото (планскиот опфат) на два дела, ззападен и источен дел.
Согласно изработената Хидролошка студија за потребите на УПС Саса, Општина Македонска Каменица, за Каменичка Река е предвидено регулирано корито на дел од реката:

- водотек 1 – профил 1 со бетонски правоаголен профил со вкупна ширина од 6м и висина 2.3м
- водотек 1’ – профил 1’ со бетонски правоаголен профил со вкупна ширина од 7м и висина 2.3м

Непостојаните водотеци согласно изработената Хидролошка студија, во планската документација се третирани во регулирани корита со трапезен попречен профил со камена облога:

- водотек 2, ширина 1.4м и висина 1.6м
- водотек 3, ширина 0.7м и висина 0.8м
- водотек 4, ширина 2.2м и висина 2м
- водотек 5, ширина 0.5м и висина 0.5м
- водотек 6, ширина од 0.5м и висина 0.6м

- **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА**

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во селото Саса биле регистрирани вкупно 876 жители од кои 49 се деца до 4 години (5.6% од вкупниот број на жители), а 110 се деца на возраст од 5 до 14 години (12.5% од вкупниот број на жители).

Прирастот на населението за период од 19 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на УПС Саса.

Во опфатот на село Саса инвентаризирани се 110 објекти за домување. Доколку се земе како влезен податок дека во еден објект живее по едно семејство со просек од 3,5 члена се доаѓа до околу 385 постоечки жители (110*3,5=385) или просечен годишен прираст од 0,29‰, споредено со податоците од пописот од 2002 година.

Вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2021 до 2031 година се предвидува да изнесува **470 жители** (=385 постоечки + 50 механички прираст + 35 природен прираст).
Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 5,6 ж/ха, додека планираната просечната нето густина на населеност изнесува 7 ж/ха.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Саса.

Бројот на жители е релевантен податок и при определеување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основно училиште, градинка, простори со зеленило и сл.

Околу 15% од населението се деца во школска возраст, што во планскиот период значи очекувани 71 деца за кои треба да се обезбеди површина за изградба на основно училиште. Нормативот за планирање на површини за основно училиште изнесува 20 м^2 по ученик, што значи дека во планскиот период има потреба од вкупно 1.420м^2 површина за основни училишта. Во рамки на планскиот опфат има обезбеден вкупна површина од 2.742м^2 за основно училиште која го опфаќа објектот и дворното место на постоечкото основно училиште.

- **ЗЕЛЕНИЛО**

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со урбанистчко - проектни документации во следна фаза.

Зеленилото во форма на заштитни „тампон" зони се јавува како обврска за разграничување на зоните кои што не се компатибилни по својата намена, а ќе се дефинираат при разработка на УПС.

Површините за зеленило, освен како утврдени наменски зони со класа на намени Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило, претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реализација на градбите, за кој изнесува 20% во согласност со член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ бр.11/2018, Сл.весник на РМ бр.42/2020).

Според тоа, се доаѓа до показател од 248.40м^2 по глава на жител, од кои 6.01 м^2 по глава на жител јавно зеленило и 242.39 м^2 останато зеленило.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСИ ОПФАТ		просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона	површина на зеленило во наменската зона		површина на зеленило по глава на жител	
		%	м^2		м^2/ж	
	А - домување и престој			108871		231.64
	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	20%	108871		231.64	
	Б - комерцијални и деловни намени			96		0.20
	Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	20%	96		0.20	
	В - јавни институции			945		
	В1.1 - основно образование: основно училиште	20%	622		1.32	2.01
	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	20%	83		0.18	
	В5.1 - верски институции: црква	20%	239		0.51	
	Г - рударство, прозводство и индустрија			251		
	Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	20%	251		0.53	0.28
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори			6585		
	Д4.3 - гробишта	20%	3760		8.00	14.01
	Д2 - заштитно зеленило *	100%	2825		6.01	
*** ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО**			**2825**		**6.01**	
ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО			**113923**		**242.39**	
ВКУПНО			**116748**		**248.40**	
ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД			**470**			

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Саса е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се 5 блока, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат, граница на наменска зона, осовина на регулирано корито или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ.

БЛОК 1

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат 1
Исток: граница на плански опфат 1
Југ: граница на плански опфат 1
Запад: граница на плански опфат 1

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 1						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	%	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	260370		26.04	90.61%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	417	1615	0.16	0.15%	0.56%
	В5.1 - верски институции: црква	1197			0.42%	
Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	1256		0.12	0.44%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	18895	24722	2.16	6.58%	8.60%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	4146		0.41	1.44%	
	Е1.5 - цевковод за ХЕ	1681		0.17	0.58%	
	ВКУПНО	**287360**		**28.74**	**100%**	

БЛОК 2

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 2
Исток: граница на плански опфат 2
Југ: граница на плански опфат 2
Запад: граница на плански опфат 2

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 2				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	74022	7.40	97.34%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	2022	0.03	2.66%
	ВКУПНО	**76044**	**7.60**	**100%**

БЛОК 3

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 3
Исток: граница на плански опфат 3
Југ: граница на плански опфат 3
Запад: граница на плански опфат 3

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 3						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	144068		14.41	80.64%	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	478		0.05	0.27%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно образование: основно училиште	3111		0.31	1.74%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д4.3 - гробишта	18800	21446	1.88	10.52%	12.00%
	Д2 - заштитно зеленило	2646		0.26	1.48%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	7867	9544	0.95	4.40%	5.34%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	1677			0.94%	
	ВКУПНО	**178647**		**17.86**	**100%**	

БЛОК 4

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 4
Исток: граница на плански опфат 4
Југ: граница на плански опфат 4
Запад: граница на плански опфат 4

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 4						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	57378		5.74	91.72%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д2 - заштитно зеленило	179		0.02	0.29%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	2784	4999	0.50	4.45%	7.99%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	2215			3.54%	
	ВКУПНО	**62556**		**6.26**	**100%**	

БЛОК 5

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 5
Исток: граница на плански опфат 5
Југ: граница на плански опфат 5
Запад: граница на плански опфат5

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 5				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	8516	0.85	95.33%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	417	0.04	4.67%
	ВКУПНО	**8933**	**0.89**	**100%**

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО, НА ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:
- земјиште со иста наменска употреба
- земјиште за општа употреба (комунална инфраструктура и зеленило).

6.1. ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО ДЕФИНИРАНА НАМЕНСКА ЗОНА

Согласно дефинираните намени и наведените услови од Планската програма, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) во границите на планскиот опфат дефинирано е земјиште со следните групи на класи на намена, класи на намена и поединечна намена:

А1.5 – станбени куќи во состав на селски стопански двор;
Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана
В1.1 – основно образование: основно училиште;
В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница
В5.1 - верски институции: црква;
Г3.1 – сервиси за одржување на моторни возила
Д4.3 - озеленети простори за гробишта, гробишта
Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура;
Е1.4 – хидротехничка инфраструктура Каменичка река и непостојани водотеци
Е1.5 -цевковод за ХЕ
Н3 – неизградено земјиште

Во рамки на наменските зони предвидено е функционирање на основната класа на намени со комплементарни класи на намени, а за постигнување на флексибилност на урбанистичкиот план се дава можност за реализација и на компатибилни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилните намени во истата просторна единица (градежна парцела) можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица**.**

Наменските зони се дефинирани така што границите се совпаѓаат со регулаторни линии - регулациона линија на планирани коридори на сообраќајници и планирана регулација на река и водотеци.

Максималната висина на венецот, за рамен терен, се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90м, а за деловна дејност 3,40.

Висината на нултата плоча не смее да се поместува под котата на тротоарот. За градби на терен со голем наклон котата на приземјето не може да биде повисока ниту пониска од половина спратна височина од котата на пристапната улица или тротоар, зависно од тоа дали пристапната улица е над или под лицето на парцелата и пристапот до површината за градење.

- **СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР**

Селскиот стопански двор по правило се состои од два дела: станбен дел (чист дел) и економски дел (нечист дел).

Економскиот дел од селскиот стопански двор содржи:
- градби за одгледување на животни: стаи за коњи, штали за говеда, градби за живина, градби за кози, овци и свињи, градби за зајаци, гулаби и украсна живина;
- пратечки објекти за градбите за одгледување на животни: бетонски писти, испусти и рампи за стока, објекти за складиштење измет и осока, гумно;
- градби за складиштење на сточна храна: магацини за концентрат, сило јами, сило ровови и трапови;
- градби за складиштење на земјоделски производи: амбари, кошеви, и
- други градби потребни за селски стопански двор: хангари за машини и возила, пушилници и сушилници, магацини и друго.

Во планирањето на селски стопански двор нечистиот дел од дворот мора да се постави во правецот на ветерот зад станбениот дел.

Најмалото растојание помеѓу станбената градба и сточната штала е 15м.

Гумното, складовите на измет и осока, како и полскиот клозет мораат да бидат оддалечени од станбениот дел најмалку 20м, низ доминантниот правец на ветер и на пониска кота.

На терен со наклон кон јавниот или пристапниот пат (нагоре) или на терен со наклон од патот (надолу), станбениот дел од селскиот стопански двор секогаш се поставува на највисоката кота од градежната или катастарската парцела.

6.2. ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21,104/22 и 99/23) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните групи на класи на намена, класи на намена и поединечна намена

Д2 - заштитно зеленило
Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура: улична мрежа и паркинг
Е1.4 - речни и каналски регулации

6.3. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќаен план

Планираната улична мрежа во планскиот опфат на УПС Саса, Општина Македонска Каменицае поставена врз база на состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена комунална инфраструктура), како и актуелната законска и подзаконска регулатива. Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- магистрална улица низ населено место – село :

  ул. „1"

- селски улици:
ул.„2", ул.„3", ул.„5",ул.„12",ул.„16",

- пристапни улици:
ул.„4", ул.„6", ул.„7", ул.„8", ул.„9" ,ул.„11", ул.„13", ул.„14", ул.„15"

За трасата на магистралната улица низ насело место – село (ул.1) кој поминува низ планскиот опфат на УПС Саса предвиден е заштитен појас од 20м (неизграден градежен фонд) и 5м лево/десно (изграден градежен фонд) во кој не се дозволуваат идни градби. Согласно податоците од Јавно претпријатие за државни патишта (бр. 10-6591/2 од 19.07.2022 година), по однос на УПС Саса, општина Македонска Каменица, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава позитивно мислење. Имено, запазена е ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р1210 (Р-208) согласно Член 40 во Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РСМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и бр.150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21), а влезовите во планскиот опфат се постоечки.

Во прилог е цитиран став (1) и став (2) на Член 40 од Законот за јавни патишта:
(1) Ширината на заштитниот појас на автопат во кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метра, на магистралните и регионалните патишта изнесува 20 метра, а на општинските патишта 10 метра.
(2) Во подрачја со изграден градежен фонд со легално изградени градби на магистрални и регионални патишта поради кои не може да се реализира заштитниот појас од став (1) на овој член, истиот се димензионира согласно расположливите услови, но не помалку од пет метри.

Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти од дел 9. Стационарен сообраќај (член 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Нивелациски план

Како составен дел на урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

6.4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУТКУРА

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица, се базира на насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2021 до 2031 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

Билансни показатели				
Домување и престој (А)			54.44	
КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ (Б)			0.05	
Јавни дејности и институции (В)			0.47	
Рударство, енергетика и индустрија			0.13	
Зеленило, рекреација и меморијални простори (Д)			2.16	
Инфраструктури (Е)			3.19	
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		P=	61.35	ха
1	**ВОДОСНАБДУВАЊЕ**			
	ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ			
	Предвиден број на жители	N=	470	жители
	Водоснабдителна норма	Qo=	470.00	л/ден/жител
	Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1.50	
	Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1.30	
	Qср/ден=N*Qo	=	220,900.00	л/ден
	Qср/ден=N*Qo/1.000	=	220.90	м³/ден
	Qср/ден=N*Qo/86.400	=	2.56	л/сек
	Qмах/ден=K1*Qср/ден	=	331,350.00	л/ден
	Qмах/ден=K1*Qср/ден	=	3.84	л/сек
	Qмах/час=K2*Qмах/ден	=	**4.99**	**л/сек**

	ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА РУДАРСТВО, ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА			
	површина		0.13	ха
	Водоснабдителна норма		200000	л/ха/ден
	Редуциран коефициент на нераввномерност			
	Qмах/ден=200000/24*3600		2.31	л/ха/сек
	Qмах/час=200000/16*3600		3.47	л/ха/сек
	Q ред. мах/ден=2.31/2.86		18.43	л/ха/сек
	Q ред. мах/час=3.47/2.86		27.65	л/ха/сек
	Q(индус)мах/ден=52.09*0.81		2.31	л/сек
	Q(индус)мах/час=52.09*1.22		**3.472**	л/сек

	ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ			
	Предвиден број на корисници	N=	113	
	Водоснабдителна норма	Qo=	15.00	л/ден/кор
	Коефициент на нерамномерност	K=	2.50	
	Време на водоснабдување	T=	6	часа
	Qмах/ден=N*Qo	=	1,701.00	л/ден/уч
	Qмах/ден=N*Qo*K	=	4,252.50	л/час/уч
	Qмах/час=N*Qo*K/T	=	708.75	л/час
	Qмах/час=N*Qo*K/T/3600	=	**0.20**	**л/сек**
	ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ВОДА:			
			15.00	**л/сек**
	ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПОЛЕВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ:			
	норматив: 30м³/ден/ха (за 16h)		31.29	м³/час
			8.69	**л/сек**
	ВКУПНО ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ:		**32.35**	**л/сек**
	Се усвојува минимален пресек од Ø80 до Ø150			
2	**ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА**			
	Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е 80% од Qср/ден и изнесува:			
	Qотп=Qср/ден*0,80	=	**176.72**	**м³/ден**
	Се усвојува минимален пресек од Ø250			
3	**АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**			
	Интензитет на врнежи - qi	=	110.00	л/сек/ха
	коефициент на истекување - ψsr	=	0.50	
	Qатм = P*qi*ψsr	=	**3,374.25**	**л/сек**
	Се усвојува минимален пресек од Ø200			

Водоснабдување

Согласно податоците од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, село Саса се наоѓа во водостопанско подрачје на ВП Горна Брегалница кое го опфаќа сливот на река Брегалница од нејзиниот извот до браната акумулација Калиманци.

Селото Саса се наоѓа во сливот на акумулацијата Калиманци чија намена е да обезбеди вода за наводнување на обработливи површини, да обезбеди биолошки минимум на реката, а потоа да обезбеди заштита од поплави и задржување на наноси.

Во графичкиот прилог Инфраструктурен план на овој УПС презентирана е планирана водоводна мрежа која е соодветно означена во легенда.

Со оглед на тоа што се планира систем за водоснабдување кој треба да го опслужи планскиот опфат на село Саса, а изворниците се наоѓаат надвор од планскиот опфат во следна фаза ќе се изработат технички решенија за поврзување на изворникот со новопланираната мрежа.

До реализација на системот за водоснабдување се планира снабдување со вода да се решава локално во рамки на секоја градежна парцела со користење на подземни води бунари.
При понатамошна разработка со проектна документација за добивање на одобрение за градба, Проектанот задолжително да се обрати до надлежната институција за добивање на согласност.

Алтернативни решенија за водоснабдување на локалитетот се можни во следна фаза со урбанистички и основни проекти изработени врз основа на сознанијата од специфични студии за подрачјето и неговата непосредна околина.

Динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето за долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот и да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања и експлоатациони истражни работи со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и ќе се утврди нивната издашност и капацитет.

Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради што би дошло до пореметување на режимот на подземните води. Исто така, потребни се испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко - хемиските и бактериолошките карактеристики на водата одговараат на законските прописи и норми.

Противпожарната заштита на предметниот локалитет е предвидено да се реализира преку поставување на хидрантска водоводна мрежа во профилите на сообраќајниците со надворешни хидранти.

Количеството на вода за противпожарни потреби при едновремена работа на два противпожарни хидранти изнесува:

$q_{пожар}$ = 2*5,0 = 10,0 л/сек

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува согласно Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење пожар како величина не помала од 2,5 бари. Исто така, согласно истиот правилник, противпожарна мрежа треба да ги задоволи следните услови:

- Максималното растојание помеѓи два хидранти изнесува 80 метри;
- Најмалиот пречник во прстенестата противпожарна мрежа изнесува Ø100 мм;
- Најмалиот пречник на приклучната цевка на хидрантот изнесува Ø 80 мм.

Одведување на отпадни и атмосферски води

Во рамки на планскиот опфат на село Саса не постојат податоци за изведена фекална и атмосферска канализација.

За прифаќање и одведување на отпадните води се предвидува изградба на фекална канализација, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и покрај постоечките водени текови и ги следат подолжните падови на планираните улици и природниот пад на теренот.

Техничките детали ќе се решаваат во следна фаза со основни проекти и проекти за инфраструктура. Техничкото решение за поврзување на канализационата мрежа надвор од планскиот опфат ќе биде третирано со Проекти за инфраструктура и Основни проекти.

За отпадните води и водите од технолошкиот поцес во рамки на зоните за производство, дистрибуција и сервиси (Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила) се предвидува систем на прочистување во рамки на сопствена парцела. Пред да се изврши поврзувањето на корисниците кон мрежата, се предвидува задолжителен третман на отпадните води од технолошкиот процес. Понатаму, отпадните води се прифатени од фекалната канализациона мрежа и се испуштаат во системот.

Притоа, квалитетот на отпадната вода мора да биде во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води", односно квалитетот на отпадната вода не смее да биде понизок од квалтитетот на реципиентот.

За прифаќање и одводнување на отпадните води се предвидува изградба на систем на фекална канализација со пречистителна станица, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација. Фекалната канализација завршува во **планирана пречистителна станица надвор од планскиот опфат на УПС Саса**.

Крајниот реципиент на атмосферските и пречистените отпадните води е Каменичка Река, чие течение продолжува низ градот Македонска Каменица.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог *Инфраструктурен план* се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

Површински води / водотеци

Во рамки на планскиот опфат на УПС Саса, Општина Македонска Каменица и во негова непосредна близина поминуваат непостојани водотеци и Луковичка Река.

Согласно изработената Хидролошка студија за потребите на УПС Саса, Општина Македонска Каменица, за Каменичка Река е предвидено регулирано корито со трапезен профил со камена облога со вкупна ширина од 4.5м и висина 2.1 м.

Непостојаните водотеци согласно изработената Хидролошка студија, во планската документација се третирани во регулирани корита со трапезен попречен профил со камена облога:

- водотек 2, ширина 2.2м и висина 1.2м
- водотек 3, ширина 0.4м и висина 0.6м
- водотек 4, ширина 0.5м и висина 0.6м
- водотек 5, ширина 1м и висина 1.1м
- водотек 6, ширина од 0.4м и висина 0.6м
- водотек 7, ширина од 0.4м и висина 0.5м

















ЕНЕРГЕТИКА

Електро-енергетска инфраструктура

Со Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2021 до 2031 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:
- А - домување: 1kW/жител
- В - јавни институции: 193 kW/ха
- Г – рударство, производство и индустрија: 193 kW/ха
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха
- Е - инфраструктура: 15 kW/ха

ЕНЕРГЕТСКИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ					
Намена на земјиште			коефициент		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	470	жители	1	kW/жител	470.00
Б -КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	0.05	ха	193	kW/ха	9.22
В - јавни институции	0.47	ха	193	kW/ха	91.21
Г- рударство, производство и индустрија	0.13	ха	193	kW/ха	24.24
Д - зеленило и рекреација	2.16	ха	15	kW/ха	32.44
Е - инфраструктура	3.19	ха	15	kW/ха	47.85
				ВКУПНО	**674.95**

Врз основа на тоа, потребите од електрична моќност (kW) на ниво на плански опфат изнесуваат 678,83kW/ха. Потребите од електрична моќност претставуваат влезен параметар во пресметувањето на потребниот број на трафостаници (N) во рамки на планскиот опфат. Потребниот број на трафостаници (N) изнесува:
N = ΣРед. / (η x Sn), каде ΣРед. =1030,85 kW
N = 1030,85 / (0,75 x 630) = 1,44 трансформаторски станици.

Пресметката е направена за енергетски трансформатори од 630 kVA.

Според податоците од ЕВН Македонија АД Скопје во рамки на планскиот опфат има постоечки електро-енергетски мрежи и објекти, односно
- нисконапонска надземна мрежа и приклучоци
- 10(20)kV надземна мрежа;
- трафостаници (3)

За постоечката 10(20)kV надземна мрежа во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија предвиден е заштитен појас од 10м лево/десно во кој не се дозволуваат градби.
Деталите и развојот ќе бидат дефинирани во следна фаза, а во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија, односно, надлежниот КЕЦ.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој урбанистички план за село се предвидува изградба на нови и доизградба на постоечки сообраќајници, па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Осветлувањето на сообраќајниците ќе се решава со метал - халогени рефлектори и натриумови светилки поставени на метални столбни места со височина 10м и 4,5м. Моќноста на новите светлосни тела ќе се дефинира со Основни проекти за расвета на новопланираните сообраќајни површини.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од АЕК, Македонски Телеком АД – Скопје и во границата на планскиот опфат има постојни телекомуникациски инсталации кои ги опслужуваат сите активни корисници на просторот:
- оптички кабли;
- бакарни кабли;

Согласно податоците добиени од А1 Македонија во рамки на планскиот опфат нема постојни надземни и подземни инсталации во нивна надлежност.

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за домување и јавните институции спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици.

Гасоводна мрежа

Според податоците добиени од надлежните институции во рамки на планскиот опфат нема изведена или планирана гасоводна мрежа и објекти.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.

7.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на УПС Саса, Општина Македонска Каменица и имаат правно дејство само врз градителска активност која следи по стапување во сила на урбанистичкиот план за село.

7.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПС се третираат како постоечка состојба.

7.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на УПС Саса, Општина Македонска Каменица, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација на УПС, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

7.4. Планскиот опфат е организиран во 5 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици, осовини на регулирани корита, граница на наменска зона и со границите на планскиот опфат.

7.5. Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со Основен проект.

7.6. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и објекти ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

7.7. При дефинирањето на градежните парцели со соодветна планска, проектна или урбанистичко – проектна документација согласно важечка законска и подзаконска регулатива ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (м^2);
- површина за градење (м2);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови (м2);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- група на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на спратови;
- максимална дозволена висина на венец;
- минимален процент на зеленило во парцела;

7.8. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

7.9. Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на групи на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

7.10. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број

- тие треба да бидат дополнување на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на класи на намена, класи на намена и поединечна намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди

-А1.5 Станбени куќи во состав на селско стопански двор
Најмалку едно паркинг место по степен на моторизација (број на жители на просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0.75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0.50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8.

-Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана
1 паркинг место на 100м2 од вкупно изградената површина
-В1.1 Основно училиште
Едно паркинг место на 3 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 места -В2.2
Амбуланта
Едно паркинг место на 3 вработени во смена плус 10%, но најмалку 2 места

-В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница
1 паркинг место на 5 вработени плус 10%, но најмалку 2 места

-В5.1 Црква
Едно паркинг место на 40м2 од вкупната површина

-Г3.1 Сервиси за одржување на моторни возила

Бројот на потребни паркинг места да се утврди во зависност од начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизација на производниот процес одддалеченоста на живеење на вработените, постоење на организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата што се употребуваат за потребите на поединечната намена да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење

7.11. Минимални димензии кои се применуваат при пресметување на потребниот број на паркинг места при спроведување на урбанистичкиот план:
- Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35м2.
- Површината за паркирање со пристап на едно лесно товарно возило треба да изнесува од 53 до 72м2. - Површината за паркирање со пристап на еден единечен автобус треба да изнесува
од 60 до 81м2.
- Површината за паркирање со пристап на едно тешко товарно возило или зглобен автобус треба да изнесува од 63 до 90м2.
- Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50м2.

7.12. Пристап до паркинг простор:
Рампите за пристап до паркиралишта и гаражи во подземни или надземни градби со капацитет до 40 возила ги имаат следниве најголеми подолжни наклони:
- до 16% за отворени прави рампи,
- до 16% за покриени кружни рампи, и
- до 20% за покриени прави рампи

Минимална широчина на еднонасочна права рампа изнесува 3,50м, а за еднонасочна кружна рампа изнесува 4,00м. Минималната широчина на двонасочните прави рампи изнесува 5,50 м, а на кружните изнесува 7,00 м.
Оптималните и максималните наклони на рампи за пристап до паркинг места во подземни или надземни паркиралишта или гаражи со капацитет над 40 возила изнесуваат:
- 12% - 15% за отворени прави рампи,
- 12% - 15% за покриени кружни рампи, и
- 12% - 18% за покриени прави рампи.

Оптимална и минимална широчина на рампи е 3,75 – 3,25м за еднонасочна права рампа и најмалку 4,20м за еднонасочна кружна рампа. Оптимална и минимална широчина на рампите за двонасочен сообраќај изнесува 7,00 – 6,00м за прави рампи и 8,20 – 7,60 м за кружни рампи.
Минималниот радиус на кружните рампи изнесува 6,00м, мерено од оската на претпоставената патека на меродавното лесно возило, а минималниот радиус на коловозот на рампата е 4,10 м.

7.13. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

7.14. Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува и подземното паркирање е ограничена со подземна градежната линија, графички презентирана со испрекината линија и соодветно означена во легенда во графичкиот дел од планската документација.

7.15. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот. Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.

7.1 . Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден sид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

7.1 . Максималната височина на градбата изразена во должни метри е надополнета со планска одредба која го одредува и го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата.

7.1 . Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот во случај на совпаѓање на градежната линија со регулационата линија е 15см, при што пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

7.1 . Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот.

7.20. Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04,

115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

7.21. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.22. За 35, 20 и 10 kV подземни далноводи во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации**.**

7.23. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

7.24. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.25. Отстапување од подземната градежна линија (површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со основен или урбанистички проект.

7.2 . Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска, електронска комуникациска и топловодна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на урбанистички проекти.

7.2 . Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

7.2 . Површините наменети за зеленило низ кои што е евидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.

7.2 . При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.30. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

7.31. Со цел надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, задолжително се почитуваат одредбите од делот 13.

Стандарди за мобилност и пристапност (член 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195 и 196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)

7.32. Градбите за јавна употреба да се планираат со кота на нултат плоча или со кота на влезните партии што е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешечки површини, а доколку денивелациите се неизбежни тогаш во услови на градење да се обезбедат рампи, платформи или ескалатори кои ќе обезбедат непречена пристапност за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност.

7.33. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Елементите од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

7.34. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.35. Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило.

Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018).

7.36. Задолжително да се почитуваат одредбите од делот 11. Зелени инфраструткури (член 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178 и 179) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

7.37. Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

7.38. Критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежни земјишта:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините, предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот за државната управа и надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и другите активности да се врши во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин на кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и постојките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанци, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.
- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите.
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение
  - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот и коритото поблиску од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножницата и насипот
  - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)

7.39. За наменските зони во планскиот опфат дефинирани се следните урбанистички параметри:

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 54,63 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Б1.5 – мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана
вкупна површина во плански опфат: 0,05 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

В1.1 – основно образование, основно училиште
вкупна површина во плански опфат: 0,27 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В4.8 – згради на органите на локалната самоуправа – месна заедница
вкупна површина во плански опфат: 0,04 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В5.1 – верски институции, црква

вкупна површина во плански опфат: 0,11 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност:согласно УП
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: Д4 (до 40%)

Г3.1 – сервис за одржување на моторни возила

вкупна површина во плански опфат: 0,1 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: /

Д2 – заштитно зеленило

вкупна површина во плански опфат: 1,1 ха

7.40. При разработка на урбанистичките параметри од деталниот урбанистички план, за тоа што не е регулирано со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на блоковите дефинирани со Урбанистички план за село Саса, Општина Македонска Каменица.

8.1 Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно табелата за максимално дозволени урбанистички параметри во рамки на градежните парцели која е составен дел на нумеричкиот дел на урбанистичкиот план за село.

8.2 Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

	ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНА, КЛАСИ НА НАМЕНА И ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА	МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МАКСИМАЛНА КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м'	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ
1	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	60%	2.8	П+2	10.20	Б1 (до 20%);
2	Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	70%	2.1	П+1	8.00	Б1 (до 20%);
3	В1.1 - основно образование: основно училиште	70%	2.1	П+1	8.00	/
4	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	70%	2.1	П+1	8.00	/
5	В5.1 - верски институции: црква	70%	2.1	согласно УП	согласно УП	Д4 (до 40%);
6	Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	70%	2.1	П	согласно УП	/
7	Д4.3 - гробишта	/				
8	Д2 - заштитно зеленило	/				

8.3 Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.
Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:

- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

8.4 Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектна програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно важечка законска регулатива

8.5 Дозволено е учество на комплементарни намени кои треба да ги исполнуваат следните услови:

- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;

-тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција

8.6 Доколку при реализација на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

8.7 Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото под кое не се планира градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18).

8.8 Границите на блоковит претставуваат затворени полигонални линии кои се совпаѓаат со осовини на сообраќајници и граница на плански опфат на урбанистичкиот план и за секој блок поединечно важат следните параметри:

БЛОК 1

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат 1
Исток: граница на плански опфат 1
Југ: граница на плански опфат 1
Запад: граница на плански опфат 1

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 1

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	%	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	260370		26.04	90.61%	
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В4.8 - згради на органите на локалната самоуправа - месна заедница	417	1615	0.16	0.15%	0.56%
	В5.1 - верски институции: црква	1197			0.42%	
Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	Г3.1 - сервис за одржување на моторни возила	1256		0.12	0.44%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	18895	24722	2.16	6.58%	8.60%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	4146		0.41	1.44%	
	Е1.5 - цевковод за ХЕ	1681		0.17	0.58%	
	ВКУПНО	**287360**		**28.74**	**100%**	

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 26,19 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

В4.8 – згради на органите на локалната самоуправа – месна заедница
вкупна површина во плански опфат: 0,04 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В5.1 – верски институции, црква
вкупна површина во плански опфат: 0,11 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност:согласно УП
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: Д4 (до 40%)

Г3.1 – сервис за одржување на моторни возила
вкупна површина во плански опфат: 0,12 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: /

Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура
вкупна површина во плански опфат: 3,24 ха

Е1.4 – речни и каналски регулации
вкупна површина во плански опфат: 0,6 ха

БЛОК 2

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат 2
Исток: граница на плански опфат 2
Југ: граница на плански опфат 2
Запад: граница на плански опфат 2

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 2				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	74022	7.40	97.34%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	2022	0.03	2.66%
	ВКУПНО	**76044**	**7.60**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 7,40 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура
вкупна површина во плански опфат: 0,20 ха

БЛОК 3

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 3
Исток: граница на плански опфат 3
Југ: граница на плански опфат 3
Запад: граница на плански опфат 3

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 3

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	144068		14.41	80.64%	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1.5 - мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана	478		0.05	0.27%	
в ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно образование: основно училиште	3111		0.31	1.74%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д4.3 - гробишта	18800	21446	1.88	10.52%	12.00%
	Д2 - заштитно зеленило	2646		0.26	1.48%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	7867	9544	0.95	4.40%	5.34%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	1677			0.94%	
	ВКУПНО	**178647**		**17.86**	**100%**	

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 14,44 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Б1.5 – мали единици за комерцијални и деловни дејности - кафеана
вкупна површина во плански опфат: 0,05 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

В1.1 – основно образование, основно училиште

вкупна површина во плански опфат: 0,27 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

Д2 – заштитно зеленило
вкупна површина во плански опфат: 1,1 ха

Д4.3 – гробишта
вкупна површина во плански опфат: 0,26 ха

Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура
вкупна површина во плански опфат: 0,78 ха

Е1.4 – речни и каналски регулации
вкупна површина во плански опфат: 0,16 ха

БЛОК 4

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 4
Исток: граница на плански опфат 4
Југ: граница на плански опфат 4
Запад: граница на плански опфат 4

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 4						
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ	
		м²		ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ	
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	57378		5.74	91.72%	
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д2 - заштитно зеленило	179		0.02	0.29%	
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	2784	4999	0.50	4.45%	7.99%
	Е1.4 - речни и каналски регулации	2215			3.54%	
	ВКУПНО	**62556**		**6.26**	**100%**	

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 5,74 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Д2 – заштитно зеленило
вкупна површина во плански опфат: 0,02 ха

Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура

вкупна површина во плански опфат: 0,28 ха

Е1.4 – речни и каналски регулации

вкупна површина во плански опфат: 0,22 ха

БЛОК 5

Граници на блокот:

Север: граница на плански опфат 5
Исток: граница на плански опфат 5
Југ: граница на плански опфат 5
Запад: граница на плански опфат5

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 5				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	ха	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	8516	0.85	95.33%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	417	0.04	4.67%
	ВКУПНО	**8933**	**0.89**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 0,85 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност:
2,8 максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Е1.1 – сообраќајна патна инфраструктура
вкупна површина во плански опфат: 0,04 ха

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

- **Заштита на воздухот**

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

- **Заштита на водите**

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

- **Заштита на почвата**

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

- **Заштита од бучава**

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 142/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и Сл. весник на РСМ бр.151/21); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.01/09 и 38/13).
На локалитетот се планира зона за инфраструткурни објекти, со периферна диспозиција во однос на градското подрачје, далеку од работните и зоните за домување и не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

- **Третман на отпад**

Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и Сл. весник на РСМ бр.31/20) е вон сила, а се применува единсвено Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РСМ бр.216/21) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.
Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

9.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18 и Сл. весник на РСМ бр.215/21), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2) Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3) Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4) Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5) Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр.215/21), Законот за пожарникарството (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и Сл. весник на РСМ бр.152/19) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

- Пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
- Сообраќајните површини да се со ширина не помала од 6,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите, што е во соглсаност со Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11):
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Во случај на пожар, планскиот опфат наменет за домување, зеленило, земјиште за општа употреба и комунална супраструктура, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Македонска Каменица;
